# MODERN TRENDS IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING IN THE WORLD AND US

**Laste Spasovski, Ph.D**
Vocational education and training centre – Skopje, Republic of Macedonia
spalaste@yahoo.com
**Robert Dimitrovski, PhD**
Faculty of Management, MIT University, Skopje dimitrovski.r@gmail.com
**Liljana Pushova, MSc**
Faculty of Management, MIT University, Skopje liljanapusova@yahoo.com

**Abstract**: Globalization and technological development continuing apace to determine the economic development and life in general in the countries in the world. Strong dynamics of change patterns of economic development, the nature of jobs and occupations and the types and nature of the skills required. All this resulted in new opportunities, but also with unemployment, increasing inequality, and increasing challenges in creating a new architecture of economic development and education.

Vocational education and training is a system that is under severe pressure of global transformation processes over the last decades. Technological innovations cause rapid changes in the types of jobs and content of work in national economies. The demand for qualifications and skills is constantly changing. The open market causes the expansion of the possibility of working placement of the individual as a national and international level and the complexity of the demand for new skills in the labor market dramatically is changing the structure, organization and content of vocational education and training.

A large number of young people in all countries attend secondary education and study in vocational schools. Vocational education generate the largest number of future workforce and future university students. Therefore, the social and economic importance of vocational education and training is consistently focus of political and experts of all countries in the world. This is confirmed by numerous studies and analyzes of vocational education and training in which are noted the key areas of interventions in vocational education and training and the orientation for "systematic reform" including issues such as: the National Framework of Vocational Qualifications (NFVQ), institutional development, accreditation, certification, market analysis, needs analysis, standards, etc. In these documents and in numerous declarations and recommendations, current topics and important issues that need to be addressed in the upcoming period specifies:

- attractiveness of technical education;
- relevance of curricula in vocational education and training and their compatibility with the needs of the labor market and continuing education;
- teaching and evaluation of students' achievements;
- links and cooperation of the vocational education and training and the business sector;
- quality assurance in vocational education and training;
- decentralization in the management and financing of vocational education and training;
- monitoring (process and outputs) and evaluation in vocational education and training;
- the legislative environment, etc ..

Addressing these issues should result in the building of educational architecture based on values appropriate to the main development directions characteristic of modern vocational education and training and powerful enough to contribute to meeting the important and urgent needs of individuals and society, without marginalizing obligation the preservation of national culture and tradition.

**Keywords**: vocational education and training, qualifications, quality, labor market.

# СОВРЕМЕНИ ТЕНДЕНЦИИ ВО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО СВЕТОТ И КАЈ НАС

**Проф. д-р Ласте Спасовски**
Центар за стручно образование и обука – Скопје, Република Македонија spalaste@yahoo.com
**Проф. д-р Роберт Димитровски**
Факултет за менаџмент, МИТ Универзитет, Скопје, Македонија

**М-р Лилјана Пушова**
Факултет за менаџмент, МИТ Универзитет, Скопје, Македонија

**Резиме:** Глобализацијата и технолошки развој продолжуваат со брзо темпо да го детерминираат економскиот развој и животот генерално на земјите во светот. Силна е динамиката на промени на моделите на економскиот развој, на природата на работните места и занимањата и на видовите и карактерот на вештините кои се бараат. Сето тоа резултира со нови можности, но, исто така, и со невработеност, со зголемување на нееднаквоста, и со зголемување на предизвиците во креирањето на новата архитектура на економскиот развој и образованието.
Стручното образование и обука е систем кој е под силен притисок на глобалните трансформациски процеси во текот на последните децении. Технолошките иновации предизвикуваат брзи промени во видот на работни места и содржината на работата во националните економии. Побарувачката за квалификации и нови вештини континуирано се менува. Отворениот пазар предизвикува проширување на можноста за работен пласман на поединецот како на национално така и на меѓународно ниво, а комплексноста на побарувачката за нови вештини на пазарот на труд драматично ја менува структурата, организацијата и содржината на стручното образование и обука.
Голем број на млади во сите земји  посетуваат средно образование и учат во средни стручни училишта. Од стручното образование се генерира најголемата бројка на идната работна сила и на идните универзитетски студенти. Затоа, социјалното и економското значење на стручното образование и обука е постојано во фокусот на интересот на политичката и експертската јавност на сите земји во светот. Тоа го потврдуваат и бројните студии и анализи на стручното образование и обука во кои се нотирани клучните подрачја на интервенции во стручното образование и обука и ориентацијата кон "систематски реформи" вклучувајќи ги и прашањата како што се: Национална рамка на стручни квалификации (NFVQ), институционален развој, акредитација, сертификација, пазарна анализа, анализа на потребите, стандардите, и сл. Во овие документи, коко и во бројните декларации и препораки, како актуелни теми и значајни прашања кои треба да се решат во наредниот период се наведуваат:
- атрактивноста на техничкото образование;
- релевантноста на наставните планови и програми во стручното образование и обука и нивната компатибилност со потребите на пазарот на трудот и продолжувањето на образованието;
- наставата и вреднувањето на постигнувањата на учениците;
- поврзаноста и соработката на стручното образование и обука со бизнис секторот;
- осигурувањето на квалитетот во стручното образование и обука;
- децентрализацијата во управувањето и финансирањето на стручното образование и обука;
- следењето (процесот и излезите) и евалуацијата во стручното образование и обука;
- легислативното окружување и др..

Решавањето на овие прашања треба да резултира со градење на образовна архитектура базирана на вредности соодветни на главните развојни правци карактеристични за современото стручно образование и обука и доволно моќна да придонесе за задоволување на важните и ургентните потреби на поединците и општеството, без притоа да се маргинализира обврската за зачувување на националната култура и традиција.
**Клучни зборови:** стручно образование и обука, квалификации, квалитет, пазар на труд

Новите времиња бараат нови вештини. Новите времиња бараат нова поставеност и на стручното образование и обука, јаки капацитети и способност на ефикасен начин да се креираат нови и вистински вредности во животот на луѓето и во економијата и општеството во кое што живеат. Тоа е клучната димензија на развојот на стручното образование и обука во идниот период.
Светското движење „Образование за сите“, започнато во Џомтиен (Jomtien) во 1990 година, кое се потврди во Дакар во 2000 година, своја вистинска валоризација и редизајн доби на светската конференција во Инчеон (Incheon) во 2015 година. На конференцијата, претставниците на владите од земјите во светот се сложија дека движењето треба да оди во следниов правец[65]:
- да се обезбеди сеопфатно, правично и квалитетно образование и промовирање на можностите за доживотно учење за сите;

[65] Incheon Declaration, Education 2030: Towards inclusive and equitable quality education and lifelong learning for all, World Education Forum, Republic of Korea, 2015

- заложба за обезбедување на 12 – годишно, бесплатно, јавно финансирано, правично и квалитетно основно и средно образование, од кои најмалку девет години се задолжителни, со што би се оствариле релевантни резултатите од учењето;
- поттикнување и обезбедување на најмалку една година на задолжително, бесплатно и квалитетно предучилишно образование и осигурување дека сите деца ќе имаат пристап до квалитетен ран детски развој, заштита и образование;
- создавање на услови за опфат на децата кои се надвор од училиште;
- вклучување и еднаквост во и преку образование;
- запазување на важноста на родовата еднаквост во остварувањето на правото на образование за сите;
- квалитетно образование и подобрување на резултатите од учењето, преку зајакнување на влезот, процесите и евалуацијата на резултатите и преку механизми за мерење на напредокот;
- соодветно регрутирани, добро обучени, професионално квалификувани, мотивирани и поддржани со добри ресурси наставници, во рамките на ефикасно и ефективно управувани системи;
- промовирање на квалитетот на можностите за доживотно учење за сите, во сите средини и на сите нивоа на образование. Ова вклучува правичност и зголемување на пристапот до квалитетно стручно образование и обука и високо образование и истражување, со должно внимание на обезбедувањето на квалитетот;
- обезбедувањето на флексибилни патеки на учење, како и признавање, валидација и акредитација на знаењата, вештините и компетенциите стекнати во рамките на формалното и неформалното образование;
- сите млади и возрасни, особено девојките и жените, да постигнат релевантни и признати функционални нивоа на писменост, математички вештини и стекнати животни вештини, обезбедени со можности за учење на возрасни, образование и обука;
- зајакнување на науката, технологијата и иновациите. Информациските и комуникациските технологии (ИКТ) мора да се искористат за зајакнување на системите за образование, ширење на знаењата, пристапот до информациите, квалитетно и ефективно учење, како и поефикасно извршување на услугите.

На оваа конференција, претставниците на земјите во светот се сложија дека основната одговорност за успешно спроведување на оваа агенда лежи во владите на земјите. Поради тоа, потребно е да се воспостават политички и правни рамки кои ги промовираат одговорноста и транспарентноста, како и партиципативното владеење и координираните партнерства на сите нивоа и во сите сектори, со почитување и придржување на правото на учество на сите засегнати страни.
Во тој контекст, донесена е заложба за зголемување на јавната потрошувачка за образование, во согласност со контекстот на земјите, на најмалку 4 - 6% од бруто домашниот производ и / или најмалку 15 - 20% од вкупните јавни трошоци за образование..
Во 2015 година УНЕСКО ја постави агендата за трансформација на стручното образование и обука во идниот период. Во „Ослободување на потенцијалот - Трансформирање на стручното образование и обука[66], а водејќи се од Шангајскиот концензус од 2012 година, со право се поставени следниве прашања: Кој е агенсот на промените? Како треба стручното образование и обука да одговори? Како може да се зајакнат капацитетите на стручното образование и обука? Како стручното образование и обука може да се трансформира за да биде во можност да го ослободи својот полн потенцијал? Тоа значи, дека, трансформацијата на стручното образование и обука треба да биде остварена со промена на старите парадигми и со примена на нови алатки. Новото стручно образование и обука треба да се трансформира во атрактивен систем со подобрен углед, позиција и вредност, а во согласност со својата мисија и својот потенцијал.
Стручното образование и обука треба да го подобри пристапот на младите и возрасните до можности за работа, да им овозможи прогресија на пазарот на труд и да ги зголеми нивните можности за егзистенција. Тоа треба да ја намали ексклузијата од светот на работата и општеството во целост, да биде двигател на економијата преку поголема продуктивност, иновации и континуирано задоволување

[66] P.T.M. Marope, B. Chakroun and K.P. Holmes (2015): Unleashing the Potential - Transforming Technical and Vocational Education and Training, Unesco, 2015

на променливите потреби на пазарот на труд и животот генерално, преку намалување на сиромаштијата и социјалните разлики, и преку поддршка на идејата за одржлива и мирна иднина.

Во последно време, во контекст на развојот на работната сила, во развиените земји во светот, како Канада, Австралија, Германија, Сингапур и Јапонија, се применуваат повеќе клучни стратегии кои во фокусот го имаат стручното образование и обука[67]:

- промоција и маркетинг на стручното образование и обука како реално остварлива алтернатива на потрадиционалните модели на напредување и образование. Ова се остварува преку интеграција на компетенции-базирана обука со академските институции на секундарно и терцијарно ниво;
- усвојување на Национална рамка на квалификации со вклучување на сите нивоа на образование и обука;
- воспоставување на Национална работна сертификација / Програма за лиценцирање;
- развој на индустриски предводени стандарди и тела во сите сектори;
- воспоставување на независна Опсерваторија за пазарот на труд;
- обезбедување на извештаите за пазарот на трудот на континуирана основа - и од страната на побарувачката и од страната на понудата;
- развој на речник на занимања во согласност со меѓународните модели;
- создавање механизми за дефинирање, класифицирање, обука и сертифицирање на луѓето во неформалниот сектор;
- обезбедување на можности за обука во претприемништво и иновации;
- зголемување на можностите за вработување и учество на ранливите групи - младите работници, различно-попречените, постарите раселени работници и „затворените“ групи на население;
- воспоставување на Националниот фонд за обука, со придонес од Владата и приватниот сектор;
- усвојување на законодавство за финансирање, акредитација, поставување на стандарди и обезбедување на квалитет во националниот систем за обука;
- развој на современи програми за практична настава и практична обука;
- поттикнување на доживотното образование преку системите на училиште – работа и работа – училиште моделите;
- обезбедување на информации за кариери и соодветно кариерно водење.

Воглавно, напорите се фокусирани во неколку клучни подрачја на стручното образование и обука:

1. Подобрување на релевантноста на стручното образование и обука
2. Проширување на пристапот и подобрување на квалитетот и еднаквоста
3. Прилагодување на квалификациите и развој на различни патишта за учење
4. Подобрување на базата на докази
5. Зајакнување на управувањето и проширување на партнерствата
6. Зголемување на инвестициите во стручното образование и обука и пронаоѓање на различни начини/патишта на финансирање
7. Залагање / лобирање за стручно образование и обука.

Развојот на новата стратегија на УНЕСКО за стручното образование и обука[68] претставува можност да се реализира потенцијалот на стручното образование и обука за одржлив развој.

Додека решенијата за развој на стручното образование и обука во нашата земја, вградени во Националната програма за развој на образованието 2005-2015 година, се фокусираа на градење на капацитетите за преглед на политиките, олеснувањето на концептуалните придонеси за размена на информации и глобалната дебата за стручно образование и обука, новата Стратегија несомнено дава поинаков економски и еколошки пејзаж. Придонесот на стручното образование и обука за области како што се вработувањето на младите, одржливиот развој и е-учењето веќе се признати и стануваат се повеќе релевантни. Останува прашањето сепак како да се трансформира секторот на стручното образование и обука за да го зголеми својот потенцијал. [69]

---

[67] UNESCO-UNEVOC (International Centre for Technical and Vocational Education and Training): Revisiting global trends in TVET: Reflections on theory and practice, Bon, 2013

[68] UNESCO-UNEVOC, Unesco TVET Strategy 2016 – 2021, Bonn, 2016

[69] UNESCO-UNEVOC, Unesco TVET Strategy 2016 – 2021, Bonn, 2016

Како клучни елементи на Стратегијата се посочени:
**Прво**, прашањето за тоа како да се добијат подобри „резултати“. Беше заклучено дека:
- резултатите треба да бидат барем делумно мерливи со резултатите на учењето на ученикот. Треба да се произведуваат квалитетни резултати кои ќе бидат почитувани од страна на индустријата;
- потребно е да се вклучи мерење на резултатите, пред вработувањето / работното место, со вклучување на натамошното образование / обука, како позитивен исход.

**Второ**, развивање на поефикасни патеки за учење на учениците меѓу нивоата и видовите на образование /обука.
Стратегијата се фокусира на поголем број на области, како:
1. **Пристап до стручното образование и обука:** Пристапот треба да се сфати како потреба за зголемување на бројот на ученици кои учествуваат во стручното образование и обука. Стручното образование и обука треба да биде поефикасно, со повеќе ученици кои ќе ги завршуваат програмите и ќе стекнуваат соодветни квалификации или резултати од учењето. Учеството треба да биде врз основа на пристап до доживотното учење, каде што учеството на младите, возрасните, оние што работат и оние кои се невработени, подеднакво ќе се охрабрува и ќе се вреднува.
2. **Осигурување на квалитет во стручното образование и обука:** Квалитетот на програмите треба да се подобри преку соодветни механизми за осигурување на квалитет. Поставување на стандарди, испитување и инспекција, вработување и развој на вработените, управување и лидерство се, исто така, важни во осигурување на квалитетот. Квалитетот на програмите, исто така, може да биде зголемен со решавање на релевантноста на стручното образование и обука во контекст на менување на условите за работа и потребите на пазарот на трудот. Наставната програма, квалификацијата, моделите на учење, опремата и оценувањето треба да го одразат светот на работата, условите за работа и времето потребно ефикасно да се стекнат вештините. Оваа одредба е холистичка по природа и упатува на потребата за: а) општо образование, основни или основни потреби од вештини (писменост, математика и дигитални вештини); б) живот и граѓански вештини (вклучувајќи свест за животната средина); и в) клучни трансверзални вештини, како и орална и писмена комуникација, од клучно значење за работа и за учество во животот на граѓаните.
3. **Управување со стручното образование и обука:** Системот на стручното образование и обука треба да оствари подобра рамнотежа меѓу вештините и работните места, т.е. меѓу образовната понуда и образовната побарувачка. Без баланс меѓу двете, постои ризик на меѓусебна неусогласеност и недостиг од квалификувана работна сила и структурна невработеност. Преку подобри врски меѓу понудата и побарувачката ќе се зголеми можноста за вработување, подобрување на резултатите за учениците и работодавачите. Поради тоа, потребно е да се обезбедат тековни информации за нивоата и трендовите во снабдувањето со вештини и побарувачката на вештини. Со ова се обезбедува донесување на подобри одлуки за политиките во образованието, за програмите, за приоритетите и распределбата на ресурсите. Затоа, треба да се посвети поголемо внимание на меѓуминистерска координација, особено меѓу образованието, трудот и министерството за економски развој;
4. **Вклучување на приватниот сектор:** Подигањето на статусот, профилот и угледот на стручното образование и обука делумно се остварува во дел преку поголема вклученост на бизнис секторот и работната сила во развојот и имплементацијата на политиките на стручното образование и обука. Бизнисите треба да се соочат со предизвикот да се бават посериозно со обуката и развојот и да сфатат дека инвестирањето во луѓето е клучен предуслов за подобрување на бизнис перформансите и растот на пазарот. Стимулирање на побарувачката за вештини е од суштинско значење, особено онаму каде што таа е релативно ниска. Стручното образование и обука треба да соработува со работодавачите и релевантните клучни засегнати страни.
5. **Институции за стручно образование и обука:** Институциите за стручно образование и обука треба да бидат поттикнати да обезбедуваат подобри резултати за учениците и да ги задоволуваат потребите на пазарот на трудот преку измени на финансирање.
6. **Финансирање:** Треба да се посвети поголемо внимание на диверзификација на финансирањето надвор од јавниот сектор.

## ЛИТЕРАТУРА
1. Combs, P.H. (1968): The World Crisis in Edukation. New York: Oxford Univerzitu Press.

2. Burbules, C.N. (2000): Globalization and Education, New York: Routledge
3. Dave,R.H. (ed.) (1976): Foundation of Lifelong Education. New York: Pergamon Press
4. Incheon Declaration, Education 2030: Towards inclusive and equitable quality education and lifelong learning for all, World Education Forum, Republic of Korea, 2015
5. P.T.M. Marope, B. Chakroun and K.P. Holmes (2015): Unleashing the Potential - Transforming Technical and Vocational Education and Training, Unesco, 2015
6. UNESCO-UNEVOC (International Centre for Technical and Vocational Education and Training): Revisiting global trends in TVET: Reflections on theory and practice, Bon, 2013
7. UNESCO-UNEVOC, Unesco TVET Strategy 2016 – 2021, Bonn, 2016
8. UNESCO-UNEVOC, Unesco TVET Strategy 2016 – 2021, Bonn, 2016